Република Северна Македонија
Основен суд Виница
СУ-04-383/21
05.01.2021
В и н и ц а

ВД Претседателот на Основниот суд Виница, Васка Петрова, врз основа на чл.92 ст.2 од Законот за судовите, по прибавено мислење на Седница на судии од 05.01.2022 година, за Програмата за работа на Основен суд Виница за 2022 година, на ден на 05.01.2022 година донесе:

# ПРОГРАМА
# ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИОТ СУД ВИНИЦА ЗА 2022 ГОДИНА

При изготвувањето на Програмата за работа за 2022 година, во Основен суд Виница од вкупно предвидените судиски места огласно Одлуката на Судскиот совет. 3 (три), заедно со претседателот на судот, пополнето е 1 (едно) судиско место, ВД Претседателот на судот Васка Петрова е судија на Апелациониот суд Штип а еден од судиите Спиро Борисов, со одлука на Судскиот совет на РСМ бр.02-1635/3 од 16.11.2021 година е времено упатен за вршење на судиската функција во Основен суд Виница до 12.05.2022 година.

ВД Претседателот на судот работи покрај претседателските работи и заверка на договори, замолници, предмети со Апостиле печат, КРИ предмети, уверенија, како и сите работи од судска управа бидејќи судот нема судски администратор.

Наведените околности имаат влијание за програмирање на работата во Основниот суд Виница во 2022 година.

Целите и функциите со програмата на Основниот суд опфаќаат:
Професионално, стручно и објективно постапување по сите видови предмети кои се во надлежност на судот со почитување на сите рокови определени со процесните и материјалните прописи од соодветна област на која и припаѓаат предметите.

Во решавањето на предметите секој судија ќе се труди да ја оствари ориентационата норма утврдена од Судскиот совет на РМ, со тоа што старите предмети ќе бидат и се приоритет во постапувањето на секој судија и во текот на оваа година , ќе се настојува да се решат сите предмети за кои не постои објективна пречка.

Секој судија е должен стручно да се усовршува преку следење на донесувањето и измените на позитивните закони и преку пратење на судската практика што произлегува од одлуките на повисоките судови. Во оваа смисла организирано во рамките на материјалните можности ќе се посетуваат сите актуелни советувања организирани од Академијата за судии и јавните обвинители, здружението на судии и други соодветни институции, како и следење преку судскиот портал на судската пракса како на основните така и на повисоките судови на подрачјето на РС Македонија и на стручни теми, коментари на закони и закони и набавување на стручна литература и коментари на закони..

Во 2022 година, работата на Основниот суд Виница, ќе се остварува преку двата оддели- кривичен и граѓански.

Претседателот на судот најмалку еднаш месечно ќе свикува седница на судиите, по своја иницијатива, по барање на судиите за кое се составува Записник или известување. Записникот и известувањето се евидентираат во СУ уписник.

На одржаните седници на судиите ќе бидат разгледувани месечните извештаи за работа и на секој судија поединечно и состојбата со стари предмети. Разгледувањето на состојбата на старите предмети ќе овозможи целосен увид на старите предмети, како и утврдување евентуална одговорност поради непостапување по законските рокови, односно судење во неразумен рок. Во рамките на судот ќе продолжи да работи Работното тело за управување со движење на предметите.

Работното тело ги има надлежностите од чл.7 од Законот за управување на движењето на предметите во судовите- (Службен весник на РМ бр. 42/20). Работото тело е должно еднаш месечно да поднесе извештај за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот, мерките за спречување на создавањето и намалување на заостатокот на нерешените предмети и за застојот на движењето на предметите во судот.

Работното тело во извештаите за своето работење сочинува записник и го доставува на Претседателот на судот. Во истиот, за воочените проблеми во врска со неговата надлежност може да му предложи на Претседателот на судот превземање на мерки и активности за надминување на утврдените состојби. Во остварувањето на оваа Програма свое учество треба да дадат и судските службеници по сите рангови која работа ќе ја координира Претседателот на судот.

Во Основен суд Виница на предвидените и испразнети работни места поради исполнување на услови за старосна пензија и со отказ од страна на работник ,од страна на судски буџетски совет не е предвидено ниту едно вработувања иако за тоа не постојат законски пречки ниту се предизвикуват финансиски импликации. Испразнетите работни места со пензионирање и отказ од страна на работник и тоа: уписничар во граѓански оддел, уписничар во прекршочен оддел,самостоен референт за прием и експедиција на пошта, судски референт- записничар (двајца), помлад судски референт- доставувач (двајца) испразнети се и не се пополнети уназад две години .

Со годишниот распоред за 2022 година на работните места уписничар во прекршочен оддел и самостоен референт за прием и експедиција на пошта се распоредени, помлад стручен соработник и самостоен референт- сметководител покрај работите и работните задачи кои веќе и се доделени .

Со годишниот план за вработување во судовите за 2022, не е дозволено вработување на ниту едно од испразнетите горе наведени работни места по основ на старосна пензија и отказ од работникот а исто така и во 2021 година не беше дозволено пополнување на испразнетите работни места. Во текот на 2021 година, беа вработени две лица на определено време, едно за прием и експедиција на пошта и едно на местото уписничар во прекршочни и др. предмети. Работите на водител на писарница во граѓански оддел се поделени по предмети кај водителот на писарница во кривичен оддел и водител на писарница за извршување на кривични санкции.

Заради навремено и ефикасно, вршење на работите на судот како

и за остварување на програмата за работа на судот за 2022 година, неопходно е потребно испразнетите работни места да бидат пополнети со соодветен кадар, согласно Правилникот за систематизација на работните места на Основен суд Виница..

На крајот на годината заклучно со 31.12.2021 година, во Судот биле вкупно 23 вработени , од кои 3 судии заедно со ВД Претседателот на судот, 14 судски службеници (со двајца вработени на определено време,) 5 припадници на судската полиција и еден хигиеничар.

Судот располага со една судница, која е опремена со систем за аудио -тонско снимање, а и не и за визуелно снимање .Потребно е судот да располага со уште една судница како судиите не би ги користеле канцелариите како судници.

Во текот на 2022 година се очекува да се изврши избор на двајца судии и тоа еден судија и судија-претседател на суд.

Во 2022 година судот ќе настојува бројот на нерешени предмети по сите видови да биде значително намален, квалитетот во работењето и решавањето на предметите да биде повисок, решавањето на предметите да биде во рок согласно процесните закони, Судскиот деловник и Програмата на Основен суд Виница со цел судот да биде ажурен, ефикасен и квалитетен во своето работење.

Врз основа на чл.92 ст.2 од Законот за судовите и чл.7 од Судскиот деловник, со Програмата за работа на Основниот суд Виница се конкретизираат работите и задачите од делокругот на Судот особено видот и бројот на предметите како и следење на судската пракса на повисоките судови а кое е од интерес за правилна и единствена примена на Законот.

Основните цели и функции согласно Програмата на Основниот суд Виница, се:

- навремено и квалитетно решавање на кривичните, прекршочните, граѓанските и други предмети во надлежност на Судот;
- заштита и почитување на човековите права и слободи;
-непристрасно применување на правото без оглед на положбата и својсвото на странките;
- правна сигурност и создавање услови на секој човек да живее безбедно во рамките на примената на правото;
-следење на Планот за намалување на заостатокот на стари нерешени предмети во Основен суд Виница;
-следење на судската практика на Апелациониот суд Штип, на Врховниот суд, соработка со адвокатурата, државните органи, со Здружението на судии, Академијата за судии и јавни обвинители во врска со едукација на судиите и со советот за судска служба и други државни органи, заради едукација на судските службеници;
- реализирање на Програмата на Академијата за обука на судиите и Јавните обвинители и административно техничкиот персонал од Основниот суд Виница, согласно календарот на обуки на Академијата;

За реализација на Програмата се грижи Претседателот на Судот, судиите и вработените во Судот.

Во 2022 година, работата на Основниот суд Виница ќе се извршува преку:

-Кривичен оддел,
-Граѓански оддел,

-стручната служба,
-информатичар,
-материјално и финансиското работење,

## РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ
## I КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

Во Кривичниот оддел ќе работи еден судија, кој ќе работи по кривични, прекршочни,извршување на санкции и други предмети од кривичната материја кои се во надлежност на Основниот суд Виница. Работите во кривичен совет ќе се вршат со делегирање на судии од подрачјето на Апелациониот суд Штип а од страна на Апелациониот суд Штип.

Во кривичниот оддел се распоредуваат и стручните соработници Коле Илијев и помлад судски соработник Тања Јованова.

Во 2022 година се очекува во Кривичниот оддел да има вкупно по сите видови, околу 2000 предмети со ориентациона норма и 700 предмети - КР, ПРК-Р и ЗАМ без ориентациона норма.

Кривичните предмети во 2022 година, ќе се настојува да се решават во законски предвидените рокови, се разбира доколку бидат пополнети испразнетите места со судија кој ќе работи на предмети од кривичната материја и избран судија -претседател на суд.

Согласно чл.182 од Судскиот деловник, предметите во Кривичниот оддел ќе се решаваат според редот на приемот, освен во итни или други оправдани случаи .во согласност со одредбите од истиот член. За решавање на предметите според редот на приемот или првенствено земање во работа на итни и други приоритетни предмети, непосредно се грижи судијата кој постапува по предметот и Претседателот на Судот. Судијата од Кривичниот оддел должен е секој месец да го известува Претседателот на Судот за нерешените предмети во определениот рок со писмен извештај наведувајќи ги причините за доцнењето за што се доставуваат извештаи и до Судскиот совет.

При решавањето на кривичните и прекршочните предмети, каде дошло до застареност на кривичното и прекршочното гонење, треба да се забележуваат причините за тоа.

Во рамките на Кривичниот оддел ќе работат и следните совети:

**1.Совет во смисла на чл.25 ст.5 од ЗКП** кој ќе одлучува по жалби против одлуките на судијата во претходна постапка и против други решенија кога е определено со Закон. За Претседател на Кривичен совет од чл.25 ст.5 од ЗКП се определува судијата Даниела Костадинова Тиловска. .Бидејќи советот е составен од тројца членови, каде ќе има потреба, членовите на овој совет ќе бидат делегирани од страна на Апелациониот суд Штип од судиите на Апелациониот суд Штип.

**3.Кривичен совет за условен отпус**.

Кривичниот совет за условен отпус ќе биде во ист состав како советот од т.1 од чл.25 ст.5 од ЗКП.

## II ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

Во 2022 година Граѓанскиот оддел ќе работи со еден судија по сите предмети од граѓанска материја.

Судијата Даниела Костадинова Тиловска по распоред е судија кој

работи предмети од граѓанска материја и како претседател на Кривичен совет.

Во 2022 година се очекува во Граѓанскиот оддел да има вкупно по сите видови околу 350 предмети опфатени со ориентационата норма и околу 1000 предмети што не се опфатени со ориентационата норма.

Врз основа на чл.182 од Судскиот деловник предметите се решаваат редоследно по приемот на предметот, освен во итни или други оправдани случаи како што е предвидено во овој член.

Во граѓанскиот оддел се распоредуваат и стручните соработници Коле Илијев за предмети ППНИ и други граѓански предмети и помлад судски соработник Тања Јованова. За решавање на предметите според редот на приемот, или првенствено земање во работа на итни и други приоритетни предмети, непосредно ќе се грижи судијата кој постапува по предметот и Претседателот на Судот.

Судијата од Граѓанскииот оддел должен е секој месец да го известува Претседателот на Судот за нерешените предмети во определените рокови со писмен извештај наведувајќи ги причините за доцнењето.

**III ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКСА И ЕВИДЕНЦИЈА**

Во текот на 2022 година во овој оддел ќе работат Претседателот на судот, судијата кој работи предмети од кривична материја и судијата кој работи предмети од граѓанска материја и стручен соработник Коле Илијев, како што е определено со Годишниот распоред за работа на Основниот суд Виница.

Претседателот на судот и судиите , го определуваат начинот на кој ке се следи судска пракса, и ќе се евидентираат заклучоците доставени од страна на Апелациониот суд Штип и правни мислења и начелни ставови донесени од страна на Врховниот суд .

Притоа ќе се евидентираат:

-Одлуките не Европскиот суд за човекови права во Стразбур;

-Одлуките на Врховниот суд на РМ во кој има нови правни становишта,

-стручни трудови и осврти објавени во Билтенот на Судската пракса на Апелационите судови, Збирка на судски одлуки како и начелни ставови на Врховениот суд на РМ.

-Заземени правни становишта на одделите во АС Штип по одделни правни прашања .

-сентенци, осврти и други материјали за Билтенот на Судска пракса на АС Штип,

-материјали за едукација на судиите и стручниот кадар на ниво на Основен суд Виница

-други материјали од важност за судската евиденција и практика,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ**

Во делокруг и функционална надлежност на Претседателот на Судот се предметите по уписниците „СУ“, СУ-ДОВ, СУ.СТР.ДОВ, УПП, СУ-ИЗЗ, ЗАМ.грагански и кривични, СПИ , ЗАВ-Х и КРИ, како и работите на администратор бидејќи судот нема администратор.

Во 2022 година, Престедателот на судот ќе се грижи за ажурното работење на Судот во сите делови од работата и ќе превзема мерки во таа насока согласно закон.

**СТАРИ И ПРИОРИТЕТНИ ПРЕДМЕТИ**

Претседателот судот, ќе ја следи работата на судиите преку АКМИС програмата, како и самите судии што е нивна законска обврска, работното тело ќе ја следи состојбата со старите нерешени предмети и на Претседателот на судот ќе му предлага мерки за носење планови за решавање на старите предмети.

Судиите ќе доставуваат писмен извештај за старите нерешени предмети во месечните извештаи со причините за нерешавањето и со план кога предметот би се решил.

Во 2022 година одговорност е на сите , на старите предмети да им се даде приоритет и истите се решат во годината 2022.

Со решавање на старите предмети ќе се придонесе за намалување на поплаќите на граѓаните за работата на Судот, како и за намалување на трошоците за исплата на надоместоци за судење во неразумен рок.

Во Основниот суд Виница се планира во 2022 година, да нема повеќе нерешени предмети постари од 1 година од денот на приемот во овој суд, со исклучок на оние предмети кои од објективни причини не можеле да се решат во тој рок и под услов да се изврши избор на судија или делегира судија од друг суд кој ке работи предмети од кривична материја како и се изврши избор на судија- Претседател на судот и се пополнат испразнетите места во судот со потребните судски службеници.

**ЗБИРНИ ПРЕГЛЕДИ И ИНФОРМАЦИИ**

За 2022 година ќе се изготват збирни прегледи и информации:

- преглед за укинати и преиначени одлуки од уписниците.
- информација за постапување по УПП предметите од ОС Виница за 2022 година и
- информација за состојбата со решавање на старите предмети во судот

Прегледите и информациите ќе се изработуваат месечно со месечниот изештај до 15 во месецот за претходниот месец.

**СРЕДБИ И СОВЕТУВАЊА**

Во текот на 2022 година се предвидуваат средби и советувања:

-средба на Претседателот на судот со други државни органи и институции за решавање на проблемите кои би се појавиле при работењето на Судот.

Стручниот кадар и административно техничкиот кадар во ОС Виница исто така ќе учествуваат на советувањата што ќе ги организира Академијата за обука на судии и јавни обвинители како и на други советувања организирани од надлежните институции во зависност од важноста на прашањата што ќе бидат тема на советувањата, а важни за работењето на судот.

-Административно техничкиот персонал работата ќе ја остварува ажурно и ефикасно во рамките на работните задачи предвидени со актите на судот и она што ќе му биде доверено во работа од страна на Претседателот на Судот.

Секој работник од административно техничкиот персонал е должен да води дневник за работа во кој ќе ги евидентира секојдневните извршени работи кои ќе послужат при оценката на нивната работа.

Судската полиција е должна да врши обезбедување на зградата на Судот, луѓето и предметите, како што е предвидено во Планот за обезбедување на Основен суд Виница, да се обучува теоретски и практично онака како што е предвидено во Програмата за обука на судската полиција и Актите донесени од Министерот за правда. Секој судски полицаец кој е на смена води евиденција за легитимирање на странките кои влегуваат и излегуваат од Судот, како и за вработените.

За реализација на оваа Програма, одговорни се Претседателот, судиите на Основениот суд Виница, стручните соработници и сите вработени во Судот.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД
ВИНИЦА

ВД Претседател на Судот,
Васка Петрова